ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
бр. 03-826/1
24.12.2024
ПРИЛЕП

Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавните претпријатија, член 22 и 23 од Законот за работните односи и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на поднесување на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата и бодирање во постапката за селекција за вработување во ЈП за ПУП Прилеп, а согласно Измена на Годишниот план за вработување во 2024 година во ЈП за ПУП Прилеп, Директорот на ЈП за просторни и урбанистички планови Прилеп, објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС бр.2/2024
за вработување на давател на јавни услуги
на неопределено време

1.Возач на автобус (јавен градски превоз) , шифра КДР 03 05 Б03 056 – 3-ца извршители
2.Работоводител на возен парк, шифра КДР 03 05 Б02 137- 1 извршител

Општи услови за сите работни места:
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови за работното место: **Возач на автобус**
- најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование,
- со работно искуство за нивото Б3 најмалку една година работно искуство во струката
- Возачка дозвола-Д категорија

Работно време: работното време е во смени и тоа: прва смена од 06:00 до 12:00 часот, втора смена од 10:00 до 16:00 часот, трета смена од 16:00 до 22:00 часот. Работата е по систем непрекината работна недела со 40 часовно работно време неделно и нето плата 22.617,00 денари.

Посебни услови за работното место: **Работоводител на возен парк**
- најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование, Средно машинска струка
- со работно искуство за нивото Б2 најмалку две години работно искуство во струката

Работно време: 40 часа неделно од понеделник до петок, од 07:30 до 15:30 часот,и нето плата 22.617,00 денари.

Кон пријавата, кандидатите потребно е да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место (во оригинал или копија заверена на нотар):

Доказ за државјанство,

Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност,

Лекарско уверение за општа здравствена способност,

Доказ уверение-диплома за завршено соодветно образование,

Доказ за работно искуство (документ од АВРМ) и

Доказ Возачка дозвола Д-категорија (за работно место под реден број 1).

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Постапката за селекција за вработување се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази и интервју.

Изборот на кандидати ќе се изврши во рок од 15 (петнаесет) дена по завршување на постапката за селекција за вработување.

Кандидатите се пријавуваат на јавниот оглас со пополнување на пријава за вработување која може да се подигне во архивата на ЈП за ПУП Прилеп на адреса Ул.Крушевска бр.11А Прилеп, или на веб страната на претпријатието www.jpzapup.com.

Огласот трае 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат (во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот), а истиот е објавен и на интернет страницата на претпријатието.

Пријавите со сите потребни документи да се достават на адреса: ЈП за ПУП Прилеп, Ул.„Крушевска“ бр.11А Прилеп, лично или по пошта. Контакт телефон 048/401-725.

Ненавремените, некомплетни и неуредно пополнети пријави нема да се разгледуваат.

ЈП за просторни и урбанистички планови Прилеп
Директор
Бранко Нешкоски